Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 19, 15 април 2009 година

април 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научните области изградба на јамски простории и механизација и автоматизација во рудниците на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во наставно-научно звање насловен доцент во научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** за учебникот *„Пијано, детски и други музички инструменти“* од проф. д-р Милица Шкариќ, пријавен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОФИЗИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2202-59/7 од 19.3.2009 година, донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржан на 19.3.2008 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звања асистент за наставно-научната област ***геофизика*** на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“.

Конкурсот за овој избор - повторен избор беше објавен во весникот „Дневник“ на 26.2.2009 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Благица Донева, помлад асистент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Благица Донева** е родена на 5 април 1974 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1994/1995 година се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, каде дипломира во 2001 година на Одделот за геологија, на Катедрата за геологија и геофизика, со просечна оценка 8,02.

Во 2003 година се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Катедрата за геологија и геофизика, на насоката - применета геофизика, каде магистрира во 2009 година, на тема со наслов *„Корелација меѓу реалната геолошка средина и геоелектричниот модел“.*

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Благица Донева, по дипломирањето, е вклучена скоро во сите активности на Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за природни и технички науки во Штип.

Има учествувано во подготовката и компјутерската обработка на неколку книги: *„Основи на геофизика“* од проф. д-р Тодор Делипетров и *„Општа геологија“* од проф. д-р Крсто Блажев.

Во 2005 година м-р Благица Донева е вработена како помлад асистент - приправник на Факултетот за рударство, геологија и политехника на група предмети од областа на геофизиката и инженерската геологија. Во изминатиот период, како помлад асистент, ги покривала предметите: Физика, Основи на геофизика, Инженерска геофизика и група на предмети на Катедрата за геологија и геофизика.

**Учество во реализација на научноистражувачки проекти:**

- 2000 – 2003 г. - „Гравиметриско влијание на мохо-дисконтинуитетот во корелација со современите структури на територијата на Република Македонија”, Министерство за образование и наука;

- 2001 – 2004 г. - „Воспоставување на геомагнетна опсерваторија на територијата на Република Македонија според стандардите на ИНТЕРМАГНЕТ”, Министерство за образование и наука;
- 2001 г. - „Дефинирање на стабилноста на земјиштето на југоисточната страна од античката термална Бања Банско, Струмица”;
- 2003 - 2006 г. - Проект Темпус, No. IB_JEP-17072-2002, „Геомагнетни мерења и стандарди за квалитет”;
- 2005 г. - Nato ARW „Нови податоци за магнетното поле на Република Македонија за подобрување на летањето и безбедноста на аеродромите”, Охрид, Македонија.
- 2005 г. - Студија за процена на влијанието врз животната средина од работењето на Рудникот „Бучим“;
- 2006 – 2007 г. - „Загадување на водите во Охридско Езеро и загадување на почвите од отпадните води од рудниците и наоѓалиштата”, Министерство за образование и наука, Билатерална соработка: Македонија - Албанија;
- 2006 - 2009 г. - „Загадување и заштита на подземните води во алувијалните седименти на реката Брегалница во зависност од хидрогеолошките карактеристики“, Министерство за образование и наука, носител на проект: проф. д-р Војо Мирчовски;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Габер“;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Олењак“;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Глеждино“;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Зеленоковец“;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Јарова глава“;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Расје“;
- 2007 г. - Проект за вршење на детални геолошки истражувања на локалитетот „Трипатанци“;
- 2007 г. - елаборат - Проценка на влијанијата врз животната средина при дупчење на истражна геотермална дупчотина во локалноста „Топлец“, Општина Стар Дојран;
- 2007 г. - елаборат - Проценка на влијанијата врз животната средина при дупчење на истражна геотермална дупчотина во локалноста „Мала Боска“, Општина Стар Дојран;
- 2007 г. - главен и дополнителни рударски проекти за Рудникот „Саса“;
- 2007 г. - главен и дополнителни рударски проекти за Рудникот „Злетово“.

Во рамките на реализацијата на проектот ТЕМПУС „Geomagnetic Measurements and Quality Standards” има неколку студиски престои во Белгија (во Кралската опсерваторија во Дурбс), Австрија (во Централниот институт за метеорологија и геодинамика во Виена) и на други места.

Од дипломирањето до денес, кандидатката м-р Благица Донева објавува поголем број научни трудови, објавени во домашни и странски списанија или презентирани на домашни и странски конгреси или симпозиуми.

**Список на објавени трудови до изборот за помлад асистент**

1. „Природен топлински биланс на Земјата” - Дељо Каракашев, **Благица Панева**, II советување за геотермална енергија, Банско, 2003.
2. „Мал број на влезни податоци - погрешна интерпретација?” - Јордан Живановиќ, **Благица Панева**, II советување за геотермална енергија, Банско, 2003.

**Список на објавени трудови од последниот избор до денес**

1. „Геомагнетно поле на Република Македонија", Тодор Делипетров, **Благица Панева**, Nato ARW „Нови податоци за магнетното поле во Република Македонија за зголемена безбедност при летањето на аеродромите, Охрид, Македонија, 17 – 21 мај 2005 г.
2. „Креирање на оптимален геотехнички модел на круната на насипната брана на реката Отиња во Штип", Д. Каракашев, Р. Поповски, М. Делипетров, С. Пановска, Г. Димов, **Б. Донева**, В. Јовановски – I регионален конгрес на студенти од геотехнолошките факултети ГЕОРЕКС, Тузла, 26 – 29 април 2007 г.
3. „Тешки метали во водата на Злетовска Река и нејзината околина", Орце Спасовски, **Благица Донева**, II Балкански рударски конгрес, Белград, 2007 г.
4. Поповски, Р., Пановска, С., **Донева, Б.**, Делипетров, Т.: „Геофизички и геомеханички методи за пресметка на стабилност на косини", 2nd Alexander von Humboldt International Conference: The Role of Geophysics in Natural Disaster Prevention, AVH2-A-00130, Перу, март 2007 г.
5. Делипетров М., Пановска С., Делипетров, Т., **Донева, Б.**, Делипетров, Б.: „Геомагнетни мерења на мрежата од мерни станици во Република Македонија", Букурешт, Романија, мај 2007 г.
6. **Благица Донева,** Марјан Делипетров, Сања Пановска, Тодор Делипетров: „Геомагнетно поле на Република Македонија" – Геологика Македоника, Вол. 21, 2007, пп. 49-62.
7. Орце Спасовски, **Благица Донева:** „Тешки метали во седиментите и почвите по должината на реката Брегалница на потегот од хидроакумулацијата Калиманци до Кочани" - Геологика Македоника, Вол. 21, 2007, пп. 75-86.
8. Delipetrov M., Delipetrov, T., Panovska S., Delipetrov, B **Doneva, B.**, "Geomagnetic measurements in Macedonia", International scientific conference on Magnetism – Geomagnetism – Biomagnetism MGB – 2008, 7 - 8 November 2008, Sezana, Slovenia.
9. М. Делипетрев, С. Пановска, Т. Делипетров, **Б. Донева**, (2008): Геоелектрично сондирање со TERRASAS метар. Прв конгрес на геолозите на Р. Македонија, Охрид.

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на м-р Благица Донева, помлад асистент, во реизборниот период 2005 - 2009 година, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови) | 25 | 0,2 | **5** |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјава) | 4 | 1 | **4** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство) | 5 | 2 | **10** |
| Одржано предавање по покана од научна институција (во земјава) | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одржано предавање по покана од научна институција (во странство) | | | |
| Учество на научен собир со реферат (усно) | 5 | 1,5 | **7,5** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник во научен проект (во земјава) | 9 | 2 | **18** |
| Рецензент на научен труд | 6 | 1 | **6** |
| | | | |
| **ВКУПНО** | | | **54,5** |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката м-р Благица Донева, Комисијата констатира дека таа располага со високи образовни, научни и стручни квалитети, потребни за извршување на асистентските задолженија. Од табеларниот преглед за вреднување на активностите на м-р Благица Донева, во изборниот период 2005 - 2009 година, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ констатираме дека кандидатката има **54,5** поени, со што ги задоволува критериумите за избор во звање асистент.

Според претходно изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **м-р Благица Донева** да ја избере во звање ***асистент за наставно-научната област геофизика.***

**Рецензентска комисија**

**1. Д-р Тодор Делипетров, ред. проф. на ФПТН, с.р.**

**2. Д-р Гоше Петров, вон. проф. на ФПТН, с.р.**

**3. Д-р Дејо Каракашев, доцент на ФПТН, с.р.**